**Изработила: Славијанка Дојчиноска, ОУ Живко Чинго-Велгошти, Охрид**

| Почеток на неделата: **датум:**<br>**број на час: 37** | | | Единица: **Геометрија и решавање проблеми П1**<br>**Означување и проценување на агли** | | | Одделение **VII** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Време | Цели на учење | Критериуми за успех | Активности | | Ресурси | Доказ за постигнување |
| | | | Опис | Форми и техники | | |
| 15 мин | Толкува соодветни ознаки за точки, прави, агли и форми. | Можам да нацртам различни видови агли.<br><br>Можам да обележам агол на различни начини | Наставникот ги истакнува критериумите за успех и им задава на учениците да цртаат отсечка АВ со дадена должина. Проверете го точното означување (и со употреба на големи букви). *Што идентификувате кога ја означувате отсечката АВ? Можете ли да ми ги покажете точките А и В на вашата отсечка?*<br>Бараме да означат точка С што не припага на отсечката. Бараме од нив да го нацртаат и да го обележат аголот АВС.<br>Го воведуваме означувањето АВС за агли. Бараме од учениците да го запишат ова, обрнувајќи внимание на симболот кој има една хоризонтална права, така што не изгледа како знак за нееднаквост. | И<br>Техника<br><br>чекање | Моливи<br>Хартија<br>Линијари | означува<br>точка<br>права<br>агол<br>форма<br>теме<br>темиња<br>агол |
| 15 мин | Ги објаснува добиените наоди, усно и во писмена форма. | Можам да ги објаснам добиените наоди, усно и во писмена форма. | Учениците цртаат голем број форми, означувајќи ги нивните темиња и агли.<br>*Како ги означуваме правите агли различно од другите агли?*<br>Им кажуваме на учениците за име-нување на формите ги користиме буквите со кои се означени нивните темиња, на пр.триаголник АВС.<br>Дајте им на учениците повеќе точки, отсечки, агли и форми. Побарајте од нив да ги означат и/или да одредат конкретни делови од секоја. | П<br><br>Техника<br><br>Минутна работа | Претходно подготвени листови на кои се прикажани точки, отсечки, агли и форми | Работен лист Набљудување, прашања, одговор, дискусија |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 10 мин | Ги објаснува добиените наоди, усно и во писмена форма. | Можам да ги објасни добиените наоди, усно и во писмена форма. | Им даваме на учениците повеќе точки, отсечки, агли и форми. Бараме од нив да ги означат и/или да одредат конкретни делови од секоја. | П<br>Техника<br><br>Бура на идеи | Претходно подготвени листови на кои се прикажани точки, отсечки, агли и форми | Работен лист<br>Набљудување, прашања, одговор, дискусија |

| Организација Детали за диференцијација/ групи/ улога на возрасен ( поврзано со активностите) | Забелешки / можности за проширување/ домашна работа | Клучна терминологија |
|---|---|---|
| **Вовед:** Организација на цела паралелка. Кај првата активност во воведниот дел на часот наставникот ги утврдува предзнаењата на учениците за обележување на отсечка и агол (повторување на знаењата од шесто одделение ). Во средишниот дел на часот се врши повторно повторување на знаењата од воведниот дел на часот но сега и на други фигури освен за отсечка и агол.<br>Додека во завршниот дел наставникот наблудува и дава поддршка во текот на работата на учениците, онаму каде е потребно. | **Проширување на знаењата на учениците кои завршиле**:наставникот им дава работен лист со дополнителни задачи. Работниот лист со дополнителни задачи останува за домашна работа за учениците кои побавно ги извршуваат зададените барања од страна на наставникот. | препознава разликува, црта, конструира вредност, објаснува, оправдува, заокружува<br><br>И- индивидуална работа<br><br>П- работа во парови |